Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-106/2
21.02.2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 30-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 29.01.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 29-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Квартален финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година- четврти квартал.
3. Предлог- Програма за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.
4. Предлог- Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2023 година.
5. Предлог- Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2024 година.
6. Разгледувања на барања и поднесоци
7. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да се дополни со 1(една) точка и тоа:

1.Предлог- Одлука за сопствено учество

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 30-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 29-та седница на Советот на Општина Градско.*
Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 29-та седница на Совет на Општина Градско.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 29-та седница на Совет на Општина Градско.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 29-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Квартален финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година- четврти квартал.*
Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.
Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Износите во овој извештај се износи кои ќе бидат опфатени во завршната сметка. Реализација на приходите имаме 80,81%, а кај расходите имаме реализација од 83,97%. Помала е реализацијата кај капиталните приходи од причина што очекувавме средства од продажба на градежно земјиште.
Киро Нацков- да појаснам, земјиштето кај Дади компани се продаде за 1.800.000,00 денари, но лицето што го купи подоцна го обжали од причини што во објавата стоеше дека ги има обезбедено сите потребни комуналии, а во реалноста не е така. Жалбата му беше

усвоена од страна на Народен правобранител. Во врска со плацовите од 6 се продадоа само 2 што значи нема заинтересираност како што се кажуваше.

Елена Смилкова- во однос на расходите има помала реализација кај капиталните расходи, исплатено е за изградба на кра13 и крак 11 во Виничани, за изградба на улица од 310м и 390м во Ногаевци, за улица во Водоврати, за локалниот пат Градско- Чичево, за улица 8 септември над општината. Не реализирани се оние што беа распишани на крај на годината, а два проекти се работат во моментот Централното подрачје во Градско и детското игралиште во населба Стопанство.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година- четврти квартал.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година- четврти квартал.

*3.Програма за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Со оглед на површината и намената по насоки од Министерство за транспорт и врски насловот во 2.1. Урбанистички план за вон населено место точката 2.1.2 Урбанистички план вон населено место со класа на намена Г1. производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија, КО Згрополци, Општина Градско- во постапка се менува и гласи Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в.Тркало, КО Згрополци, општина Градско - во постапка.

Јованче Стојанов- што значи мултнаменски.

Емилија Тасевска Колева- со проектот се опфатени повеќе намени.

Јованче Стојанов- кажаа дека ќе нема такво нешто, јас го прашав не кажаа тогаш така.

Киро Нацков- целиот разговор кога презентираа на совет беше за фотоволтаици. Требало да дојдат да објаснат.

Тоше Петревски- и гаранција побаравме, рекоа ако треба ќе донесат.

Јованче Стојанов- зошто стои Г1.

Киро Нацков- чесно е да дојдат да објаснат за што се работи. Нека дојдат на наредна седница да објаснат.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ПРОТИВ, Советот на Општина Градско не ја усвои Програмата за измена на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Градско за 2024 година.

*4.Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. Секоја година се прави извештај за реализација на годишната програма, станува збор за реконструкција и изградба на 8 улици.

Боне Спасовски- на улица Илинденска има ставено бекатон плочки, со тек на време асфалтот околу плочките ќе испука. Мој предлог е да се извадат тоа место да се армира и да се стави бетон, така ќе го заштитиме да не се уништува асфалтот.

Тоше Петревски- треба време да пропадне да легне, таа улица не е за камиони од 20 тона си има улица за тоа.

Јованче Стојанов- надвор од темава, до каде работата со имињата на улиците.

Пецо Кузманов- до мене нема доставено предлози за имиња на улици.

Мирјана Ѓорѓиева- треба да не свика претседателот на комисијата да одржиме состанок и да се дадат предлози за имиња на улиците.

Маја Андовска- после тие измени праќате ли известување до Централен регистар, поради тоа што минатиот пат кога се направи промена на имињата на улиците имавме пробле при вадењето на документи.

Пецо Кузманов- предлог со имиња се доставува до Владата па они доставуваат до ЦР. Ако беше со бројки ќе одеше дирекно до ЦР. Сега шест месеци пред избори не смееме да менуваме улици.

Маја Андовска- од 2014 година во Долно Градско улицата е сменета во Староградска. Јас имав проблем во институциите за вадење на документи, ми рекоа општината треба да плати за промена, а не да биде на терет на граѓаните.

Пецо Кузманов- нашата работа е да доставиме список до ЦР, а потоа ЦР доставува до надлежните институции.

Слободан Бошков- во катастар се плаќа за промена.

Даниел Мирчов- исто е и сега со промената на личните карти, на терет на граѓаните е.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишениот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Годишениот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Градско за 2023 година.

*5.Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Боне Спасовски- и лани имав забелешка до претседателот на совет, како опозиција не знаеме што е купено. Ние сме да се почитува традицијата, ако не може да има седница пред празникот барем да не извесите.

Мирјана Ѓорѓиева- согласно програмите што ги донесовме се знае колку средства се предвидени за таа намена.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2024 година.

*6.Одлука за сопствено учество.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Киро Нацков- и предходно е деонесена ваква одлука но не ни беше одобрено. Повторно има повик и повторно ја ставаме истата улица. Министерот за локална самоуправа одлучува на кој ќе даде средства.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество

*9.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од ЈКП Клепа Гардско за одобрување на финансиски средства за како субвенција за плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија кон ЕВН.

Киро Нацков- ова е во врска со договорот со ЕВН, ова е сума на годишно ниво, месечно пуштаме околу 200.000,00 денари во зависност од можностите на општината. ЈКП Клепа има склучено договор со ЕВН, а општината е гарант на тој договор. Ќе се плаќа заклучно со 2028 година.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства на ЈКП Клепа Градско.

б) Барање од Блаже Крчмаров за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

*10.Разно*

Боне Спасовски- градоначалникот да поднесе барање до Вардар Биопроцес дали загадуваат или не, за да нема различни коментари од граѓаните. Можеби не се тешки метали, нека ни достават документ.

Киро Нацков- од наша страна ќе биде побарано.

Јованче Стојанов- што конкретно се бара.

Киро Нацков- да се објасни хемискиот процес.

Јованче Стојанов- ако е во врска со пишувањето за амонијакот нема такво нешто.

Боне Спасовски- нека се објасни и народот да знае, не само да се препукуваме.

Киро Нацков- нека објасни лице што е стручно за тоа.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 30-та седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДСКО
ОПШТИНА ГРАДСКО